


**КОНКУРС**
**за доделување на 6 стипендии на**
**талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“ од II, III и IV година**

**1.**Општина Делчево ќе додели 6стипендии на редовни талентирани ученици од СОУ „М.М.Брицо“ од II,  III и IV година, во учебната 2014/2015 година, кои ги исполнуваат следните услови:

**I.**Редовни талентирани ученици од II,  III и IV година во учебната 2014/2015 година, со континуиран просечен одличен успех од 5.00 и со примерно поведение

**II.**Ученици кои освоиле најмалку една награда во поединечна категорија за освоено прво, второ или трето место на државни или регионални натпревари.

**III.**Учениците да се жители на Општина Делчево

**IV.**Учениците да не се корисници на друга стипендија

Комисијата за доделување на ученички стипендии ги утврди следните критериуми:

**I.1.Континуиран  одличен успех ( 5.00)**

-континуиран одличен успех (5.00)-50 бода

**I.2.Против ученикот да нема изречено никаква педагошка  мерка (вкупно 10 бода)**

- примерно поведение (до 10 неоправдани изостаноци)-10 бода

- за секој неоправдан вкупниот број на претходно освоените бодови се намалува за 0,5 бода.

**II.1.Освоени награди во поединечна категорија на државни или регионални натпревари организирани лиценцирани институции од МОН или Биро за развој на образованието.**

- За овој критериум се утврдени следните подкритериуми:
- за освоено прво место во поединечна категорија на државен натпревар – 40 бода
- за освоено второ место во поединечна категорија на државен натпревар – 35 бода
- за освоено трето место во поединечна категорија на државен натпревар – 30 бода
- за освоено прво место во поединечна категорија на регионален натпревар – 25 бода
- за освоено второ место во поединечна категорија на регионален натпревар – 20 бода
- за освоено трето место во поединечна категорија на регионален натпревар – 15 бода

**2.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ**

1. Барање за доделување на ученичка стипендија за талентирани ученици (Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

2. Изјава од родител/старател дека ученикот не е корисник или примател на друга стипендија (Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

3. Фотокопија од свидетелства за претходни години;

4. Фотокоипија од дипломи за освоени награди во поединечна категорија

5. Изјава потпишана од родител/старател за обработка на личните податоци на кандидадот и членовите на неговото потесно семејство(Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

6. Уверение за жителство

7. Изјава од родител/старател за веродостојност на податоците  Изјава од родител/старател за веродостојност на податоците(Архива на Општина Делчево и веб страница: www.delcevo.gov.mk)

**3.Постапка за доделување на стипендии**

1. Сите потребни документи се поднесуваат до Архива на Општина Делчево, секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот или по пошта на адреса:

Општина Делчево, ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1, со назнака за „***ученички стипендии за талентирани ученици***“
;

2. Доставените документи по Конкурсот ги разгледува Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Делчево;

3. Некомплетните документи или документите  доставени по истекувањето на конкурсниот рок, нема да бидат разгледани;

4. Кандидатите кои ќе добијат стипендии и оние кои ќе бидат одбиени, ќе добијат Известување;

5. Висината на стипендијата ќе изнесува 1.000 денари месечно во траење од  9 месеци во текот на учебната година 2014/2015;

6. На ученикот кој ќе даде лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија, Решението за доделување на стипендија ќе му биде поништено и истиот ќе биде задолжен исплатените  средства по основ на Решението да  ги врати на Општина Делчево;

7. Стипендиите се неповратни;

8. Рок на пријавување од 12.12.2014 година до 29.12.2014 година.

9. Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето;

10. Конкурсот ќе се објави на Огласната табла во Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, локалните медиуми и интернет страницата на Општина Делчево www.delcevo.gov.mk

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**КОНКУРСНА КОМИСИЈА**